РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, преку web формата доставено е Барање за мислење, со кое од Државната комисија се бара мислење дали може исто лице да ги врши функциите: член на Советот на општина Куманово и помошник директор во Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука "Киро Бурназ" Куманово, односно дали постои забрана согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, го издаде следното

**М И С Л Е Њ Е**

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Со член 72 став (1) и (2) од истиот Закон е регулирано како секое службено лице треба да постапува во ситуација кога ќе се најде во состојба на судир на интереси:

Член 72 став (1) и (2)
„(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен."

Со член 73 од истиот Закон е предвидено пријавување на состојба на судир на интереси од страна на службените лица:
„(1) Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави

Адреса: „Пресвета Богородица" бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.
(2) Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник.
(3) Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.“

Член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го предвидува изземањето на службените лица при постоење на судир на интереси или потенцијален судир на интереси:
„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.
(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.“

Согласно член 92-б од Законот за средното образование е предвидено следното:
„(1) Во средното училиште со 300 до 500 ученици, може да се назначи помошник на директорот за вршење на раководни и педагошки работи, кој извршува работни задачи на помошник на директор со половина од работното време, а половина од работното време ги извршува работните задачи како наставник, односно стручен соработник во средното училиште.
(2) Во средното училиште со 501 до 1000 ученици, може да се назначи помошник на директорот за вршење на раководни и педагошки работи, кој извршува работни задачи на помошник на директорот со полно работно време.
(3) Во средното училиште со повеќе од 1000 ученици, може да се назначат двајца помошници на директорот за вршење на раководни и педагошки работи, кои извршуваат работни задачи на помошник на директорот со полно работно време.
(4) Во средното училиште со ресурсен центар, може да се назначи помошник на директорот за вршење на раководни и педагошки работи, кој извршува работни задачи на помошник на директорот со полно работно време.
(5) За помошник на директорот се назначува лице од редот на наставниците и стручните соработници, вработени во средното училиште на неопределено работно време и има најмалку три години работно искуство во областа на образованието.
(6) Помошникот на директорот го назначува и разрешува директорот на средното училиште.

(7) Помошникот на директорот ги врши работите за кои писмено го овластил директорот и го заменува во негово отсуство заради боледување, службено отсуство и други оправдани причини.“

Државната комисија е на став дека со оглед на тоа дека во конкретниот случај од поставеното прашање се работи за лице кое е вработено во средното училиште и по потреба е назначено од страна на директорот на тоа училиште од редот на наставниците и стручните соработници, вработени во средното училиште на неопределено работно време и има најмалку три години работно искуство во областа на образованието, за вршење на раководни и педагошки работи, писмено овластено од директорот кој го заменува во негово отсуство, **истото може да ја извршува функцијата член на Совет на општина Куманово.**

Од друга страна во таа ситуација, доколку лицето што ја врши функцијата член на Совет на општина Куманово биде назначен за помошник директор во Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука “Киро Бурназ“ Куманово, **Државната комисија укажува дека истото лице потребно е да ги применува горецитираните одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси со кои се регулира постоењето на состојба на судир на интереси во ситуација кога на седници на Советот на општина Куманово ќе се разгледуваат прашања поврзани со ова училиште.**

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**